# ОПШТИНА ШТИП, СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП И ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УГД

## *„СЕГА, НО КАКО!?“*

## ПРОЕКТ ЗА ОБУКИ ЗА ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ НА ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ОБЛАСТА НА МЕНАЏМЕНТОТ, МАРКЕТИНГОТ И ФИНАНСИИТЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Бр. 07-8883/1
24. 12. 2014 год.
ШТИП

### 1. ПОТРЕБА И ЗНАЧЕЊЕ

Врз основа на склучената соработка помеѓу Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Општина Штип, со потпишаниот Меморандум во 2013 год. за соработка на неопределено време, во текот на месец ноември - декември 2014 год. беше организиран **вториот проект: *„СЕГА, НО КАКО!?“* - Проект за обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на менаџментот, маркетингот и финансиите.**

Советот на млади при Општина Штип организираше обука за млади претприемачи за областите менаџмент, маркетинг и финансии за основање и водење успешен бизнис.

Потребата за обуки од областа на маркетингот, менаџментот и финансиите произлегува од две економски паралели:

1. Од една страна - **причините за неуспех на малите претпријатија** на пазарот, помеѓу кои неминовно се вбројуваат *причини поврзани со стратегиското деловно работење*, односно недостатокот од менаџерски и маркетинг вештини и знаења и потребата од елиминација или намалување на влијанието на тие причини, што се очекува да доведе до подобри бизнис перформанси и конкурентност на пазарот.
2. Од друга страна – **значењето на малиот претприемачки бизнис** за развојот на економијата на локално, регионално и национално ниво. (Ова се огледува преку доминацијата на малите претпријатија во структурата на стопанството, бројот на вработени лица во истите, учеството во креирање на БДП и додадената вредност на производството, придонесот кон иновациите, зголемување на конкурентноста на пазарот и значењето за големите бизниси).

Без оглед, дали се работи за основач на ново претпријатие или за постојно претпријатие кое сака да напредува во работењето, **најголемиот ризик е производство и пласман на производ кој никој не го бара/сака**, затоа што: ***„Пазари кои не постојат, не се грижат за тоа колку сме интелигентни“*** (Marc Andreesen – Мозаик – првиот пошироко користен интернет пребарувач).

Претприемништвото (планирање, организирање, водење и преземање на ризик од инвестицијата) е основата и суштината во функционирањето на малите и средни компании. Овде главната улога ја има претприемачот, оној кој бара

можности, креаторот и иницијаторот, лидерот, мотиваторот, решавачот на проблеми и поставувачот на цели и стратегии како тие да се достигнат.

Креативноста, посветеноста, лидерството, пасијата за основање на профитабилна компанија со задоволни вработени се особините кои ги делат успешните претприемачи од просечните управители и сопственици.

Клучно значење: Зголемување на знаењето на младите лица (20-30 год) од областите менаџмент, маркетинг и финансии за поставување на основа за развој на нови бизниси (МСП).

Преку обуката која се фокусира на неколку области врз кои се основа претприемаштвото, а тоа се финансиите, менаџмент и маркетинг од аспект на претприемачите, ќе се создаде основа за нови иновативни идеи кои ќе им помогнат на постојните претприемачи да го подобрат функционирањето на веќе постоечките компании, како и на оние кои до сега не се истакнале на ова поле, да се стекнат со практични вештини кои се основа за поттикнување на претприемачкиот дух.

## 2. ВИЗИЈА И МИСИЈА

Зголемување на бројот на едуцирани претприемачи од обласа на финансиите, менаџментот и маркетингот на локално ниво, кои ќе основаат и развиваат конкурентни претпријатија на пазарот.

Знаењето и вештините на претприемачите ќе се унапредуваат преку обуки од посочените области кои ќе базираат на квалитетно теоретско знаење и избрани техники за развој на практични вештини, како и презентирање на студии на случај на успешни претпријатија. Обуките ќе се изведуваат од страна на високо образувани кадри и докажани претприемачи во своите области на делување.

## 3. ЦЕЛИ

### ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ:

1. Зголемување на конкурентноста на локалната заедница преку образование на претприемачите од областите на финасиите, менаџментот и маркетингот;
2. Изготвување на водич за претприемачите од посочените области;
3. Поставување на основите на бизнис инкубатор во општина штип;
4. Поставување на основите на консултантска канцеларија за претприемачи во општина штип.

### КРАТКОРОЧНИ ЦЕЛИ:

1. Зголемување на можностите за дополнително образование од областите менаџмент, маркетинг и финансии за сите млади лица кои немаат доволно познавања и искуство од економијата;
2. Поттик на младите лица за основање на нови бизниси;
3. Презентирање на предностите и можностите за сопствен бизнис во РМ;
4. Развој на претприемачки дух кај младите.

## 4. ПЛАН И ПРОГРАМА

Проектот се подготвуваше во тек на месец ноември, при што беа обезбедени неопходните материјали за работа (потрошен материјал, опрема, остварување соработка со печатници и други подржувачи на проектот), а воедно беа утврдени и конкретните тематски области на предавањата и работилниците.

Обуката се реализираше во текот на месец декември, преку три предавања и работилница за практична примена на наученото од страна на учесниците.

Од областа на финансиите се одржани вкупно 2 работни часа. За презентирање на материјата од областа на менаџментот се одржани вкупно 2 работни часа. За изложување на материјата која е предвидена да се опфати од областа на маркетингот се одржани вкупно 3 работни часа.

Дополнителен час беше предвиден за извршување на практичните задачи и тестирање на пријавените кандидати со цел евалуација на стекнатото знаење и вештини.

На обуката се пријавија над 60 потенцијални учесници, од кои беше направена селекција според бараните критериуми (возраст 28-30 год., средно и/или високо образование, познавање на странски јазик) и вкупно 30 кандидати зедоа учество во обуките предвидени според проектот.

## 5. БУЏЕТ

**СТАВКИ (вкупна вредност од околу 1000 евра)**

1. Опрема за презентација (лаптоп и проектор) – земани од Општина Штип
2. Хартија за принтани материјали за кандидатите - земани од Општина Штип
3. Освежување за присутните за времетраење на часовите (сок, кафе) - земани од Општина Штип

**ПРЕДАВАЧИ НА ОБУКАТА ВРЗ ОСНОВА НА ПОТПИШАНИОТ МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА БЕА:**

Доц. Д-р Тамара Јованов Марјанова, Економски факултет ______________ и

Доц. Д-р Љупчо Давчев, Економски факултет ______________.

Совет на млади, Општина Штип

Претседател,

______________

Датум

Ноември – декември, 2014 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *